**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-186/10**

**Скопје, 25.06. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Сметката за донации (785-Стандардизација на општински административни процедури; „Граница не ни треба„ – Интегриран пристап за младинско здравје и превенција во граничниот регион) на Општина Карбинци за 2008 година, кој е прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансискиот извештај на сметката за Наменски донации (785) на Општина Карбинци, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Борис Гаврилов - Градоначалник на Општина Карбинци во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 03.04.2009, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај се заснова на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена  во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансискиот извештај е ослободен од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни оценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи на Сметката за донации на Општина Карбинци го прикажува вистинито и објективно резултатот од финансиските активности за годината која завршува на 31 декември 2008, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за донации на Општина Карбинци за 2008 година е остварено  законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година.

Скопје, 18.06. 2009 година　　　　　　　　　　Овластен државен ревизор

**Општина Карбинци-Сметка 785 Сдандардизација на општински административни процедури**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | **3.1.** | **1,477** | 1,874 |
| **Вкупно приходи** | | **1,477** | **1,874** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | **3.2.** | 1,477 | 644 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,477** | **644** |
| **Вкупно расходи** | | **1,477** | **735** |